ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ

# ПЕП 21

## ваш глас
## ваша иднина

ГЛАСАЈ ЗА 12



Почитувани,

Вие, на 27 април, недела, ќе избирате, а каква иднина ќе изберете одлучувате само Вие и Вашите сопствени мисли. Не е важно што сте направиле до сега, каде припаѓате во моментов. Важно е да имате јасна цел за вашиот живот, да имате план за Вашата иднина. Бидејќи нема граници на она што го замислувате и посакувате, нема граници ни на она што Вие можете да го постигнете.

Партија за економски промени 21 (ПЕП 21), како и јас, Билјана Јовановска, сигурни сме која е нашата цел. Сакаме и мораме да се избориме во Република Македонија да се создадат услови за живот полн со здравје, благосостојба, успех, среќа и просперитет за сите граѓани.

Македонија мора да избере личности кои можат и мораат да изградат систем со модерна економија , реални вработувања и европски плати. Македонскиот народ заслужува да живее гордо и достоинствено. Секој да може да создаде семејство, да изгради сопствен дом без долгорочни кредити со високи камати , да вози нов автомобил, да замине на летување и зимување без да го полни багажникот со храна, да купи нова гардероба секоја сезона, да има сопствена заштеда во банка, но не во некоја друга земја, туку овде, во сопствената земја, во родниот град, во нашата Македонија!

Тоа е нашата цел и нема да застанеме и да се откажеме од нашите заложби за посреќни мигови во животот на секој човек кој живее во Република Македонија.

Ние од ПЕП 21 сме подготвени да чекориме со Вас низ годините што следат, сé до моментот кога нашата мила земја, нашата Македонија и сите ние заедно, ќе почувствуваме благосостојба, спокој, сигурност и успех.

Ве молам чекорете и Вие со нас, не повлекувајте се, не колебајте се, ова е времето и местото кога може и треба да се случи пресвртот. Позитивни промени во нашата Македонија, во животот на нашите семејства, во иднината на нашите поколенија.

Младите се крвотокот на Македонија. Нема да дозволиме Македонија во 21 век да плаќа данок во млади, амбициозни и стручни кадри. Тие се нашата енергија, сила и иднина.

За нас, љубовта, мудроста и искуството на повозрасните лица ниту во миг нема да ги запоставиме и постојано ќе ги подржуваме.

Нашата земја е од Бог благословена. На неа успеваат и се раѓаат најразлични култури и производи. Имаме добра и долгорочна стратегија со нив да ги преплавиме европските , па и светските пазари.

Време е Македонија да биде пример и лидер за вистинска демократија, почитувани граѓани, среќни генерации, здрави поколенија...

На едните им биле потребни 62 пратеника за добри дела во интерес на граѓаните?! Но, не заборавивме дека имаа и 63 во 2008 година, па резултатите се сиромаштија, повисоки цени и сметки, долгови и извршители пред врата, притисоци, уцени, забрани..... ?! Другите велат владееле “ фамилијата”, но немојте со својот моќен глас да ја замените за онаа, другата, “струмичка фамилија”?! Третите имаа мандати на премиери и владини министри, а нивното време на владеење го одбележаа само финансиски афери, кривични пријави и незавршени судски процеси?!

Не дозволувајте од сите нас да направат жртви на минатото, зошто заедно сме борци за иднината. Не плашете се, не дозволувајте стравот да Ве надвладее и да стане кочница на Вашиот успех. Тој е најголем непријател на човекот, кој ако не се исправи пред она од што се плаши, стравот ќе го контролира неговиот живот. Сите ние, и Вие и јас, сме одговорни пред нашите семејства, деца, внуци, доколку сé остане непроменето. Затоа во животот правете нови избори, донесувајте нови одлуки, застанете на кормилото на сопствениот живот. Ние ја имаме целта и стратегијата, но Вие го имате клучот да ја отворите големата и широка врата за благосотојба, напредок и сигурност.

На прагот се 25-те години на самостојноста на Република Македонија , и во сите овие изминати години едни исти лица, со исти приказни, ни донесоа потешки времиња и неизвесна иднина.

Во ПЕП 21 ќе пронајдете работници, доктори, невработени, студенти, професори, земјоделци, правници, пензионери, економисти. Најважно е што сите тие се пред сé луѓе со нови реални цели и заложби за позитивни промени, за посреќна иднина на сите. Подготвени и способни да го свртат кормилото во вистинскиот правец се до остварувањето на целта, а тоа се светлина, топлина и ширина во сечии очи, во сечија душа, во сечиј ум!

Затоа, изберете да живеете по сопствен избор, а не случајно.Бидете мотивирани, а не изманипулирани. Бидете корисни, а не искористени. Имајте самодоверба, а не сожалување. Слушнете си го внатрешниот глас, а не туѓото укажување. Направете позитивни животни промени без изговори.

Ние денес пеш стигнавме пред Вас и во Вашиот дом. Веруваме дека ПЕП 21 ќе остане во Вашите мисли и на денот на гласањето, на 27 април .

Вашиот глас даден за нас, е Божји дар, кој ќе води до нови животни и работни победи.

Гласајте за реден број **12** и **ПЕП 21** нека биде Вашиот избор.

**Со искрена почит,**
**Билјана Јовановска, претседател на ПЕП 21**

# кандидати за пратеници во изборна единица 1


Сашко Костадиновски


Мирјана Тасева


Хасан Ел-Арејси


Андријана Арсиќ


Алексеј Стројмановски


Благоја Грујевски


Билјана Јовановска
**носител на листа**


Лилјана Митева


Александар Јанковски


Цветанка Здравеска


Златко Василевски


Бојан Костадиновски


Рената Ѓореска


Снежана Стојчева


Ивана Ѓоревска


Мики Стојановски


Филип Митровски


Зоран Душески


Елена Кралевска


Даме Стојановски

# кандидати за пратеници во изборна единица 1



Живко Ристески

Ивица Наумовски

Недица Трпевска

Менка Трепалковска

Димче Кизовски

Андријана Наумовска

Игор Тосев

Емилија Наковска

Гоце Петрушевски
**носител на листа**

Даниела Стоилкова

Војо Божиноски

Васко Филиповски

Велимир Нешовски

Раде Гошевски

Елена Урдовска

Стефан Стојчевски

Тони Добревски

Драган Стаменковиќ

Розе Спасовска

Иванка Златевска

Програмски определби и заложби на
,,Партија за економски промени 21’’ (ПЕП 21),
**НЕ ЗА СОВРШЕН, НО СИГУРНО ЗА ПОСРЕЌЕН ЖИВОТ**

## МОДЕРНА И ЕКОНОМСКИ РАЗВИЕНА МАКЕДОНИЈА

Фер и пазарно ориентирана модерна економија која тежнее кон целосно и реално искоренување на невработеноста во Република Македонија;
Создавање услови за развој на реалниот сектор, со цел да се отворат нови работни места кои ќе се пополнат со одговорни лица стручни во областа на своето работење и со млади способни и амбициозни кадри;
Стимулации и подобрување на условите за стопанисување и на домашните фирми;
Стимулирање на извозот на македонски производи;
Намалување на царините и ДДВ за увоз на суровини на домашните компании кои се занимаваат со производство, а истите не се присутни на домашниот пазар;
5% од годишниот буџет на Република Македонија да се издвојува за зголемување на капиталот на Македонска Банка за Поддршка и Развој со цел истата да го поддржи економскиот развој на малите и средни домашни претпријатија;
Формирање на фонд за капитални инвестиции во економијата со кои ќе се поддржат стопанските капацитети чија дејност ќе биде искористување на природните ресурси во Република Македонија;
Зголемување на домашното производство и постигнување на долгорочно одржлива стапка на економски раст од 6 до 8%;
Минималната плата да биде соодветна на висината на потрошувачката кошничка пресметана од Заводот за статистика на Република Македонија;

## ФИНАНСИСКА СИГУРНОСТ И ДОСТОИНСТВО

Годишен паричен надомест во висина на една просечна плата за сите невработени лица, со зголемување од дополнителни 6 000, 00 денари за секоја следна година доколку лицето остане невработено не по своја вина;
Месечен паричен надомест по основ на невработеност во висина на минималната плата во Република Македонија за сите лица кои поради структурни промени (ликвидација, стечај и сл.) останале без работа во периодот на транзицијата без разлика на процентот на сопственост на државата во фирмите и претпријатијата;
Бесплатен јавен превоз за сите лица кои не по своја вина се без работа;
Месечна социјална парична помош за секое социјално загрозено лице во висина од 30% од просечната плата во Република Македонија пресметано од претходната година;
Задолжително социјално осигурување - уплата на придонеси по сите законски основи на лицата ангажирани за вршење на јавни работи, вклучувајќи ги и општините;
Укинување на институцијата извршител поради многубројните извршени, а не докажани долгови на граѓаните;
Одлагање на сите извршни решенија за период од 3 години во кои треба да следи постапка на докажување на извршноста како и ослободување од камата за оние извршни решенија кои ќе бидат докажани како основани;
Укинување на дел од паричните казни и намалување на висините на останатите парични казни за 50% од моментално пропишаните;
Периодот на породилно боледување да изнесува 18 месеци, а двата родители да имаат право да го користат и можност да го комбинираат временскиот период на породилното боледување по сопствен избор;
Мајката или таткото да имаат право на скратено работно време до двегодишна возраст на детето;
Паричен надомест за секое дете,а висината на износот да зависи од возраста и потребите на детето, како и од примањата на родителите, но не помала од 3500,00 денари;
Финансиска поддршка во висина од 30% од просечната плата за самохраните родители и децата кои живеат во семејство со самохран родител;
Целосна грижа за децата без родители од страна на државата до нивната 18 односно 26 годишна воздраст;
Обезбедување работни места и создавање услови за обезбедување на сопствен дом на децата без родители;
Целосна и превентивна заштита, материјална и морална поддршка на лицата жртви на семејно насилство ;

Целосна грижа, редовна материјална и морална поддршка, како и секојдневни активности за лицата со посебни потреби и хендикеп;

Родителите или старателите на лицата со посебни потреби и хендикеп, да имаат приоритет при користење на услугите од државните институции, а при тоа да бидат ослободени од секакви такси и давачки кон нив,доколку истите се однесуваат на лицата со посебни потреби и хендикеп;

Граѓанинот како слободна и просперитетна единка, слободен и социјално сигурен поединец како најголема вредност во општеството;

Забрана на секаков вид на дискриминација, репресија и институционална нееднаквост;

Слобода на говор, делување и здружување;

Право на посебност, индивидуалност, различитост;

## МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА Е КРВОТОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Обезбедување на работни места за младите веднаш по нивно завршено средно односно високо образование, а најдоцна 6 месеци по нивното матурирање, односно дипломирање;

Создавање услови за сопствен дом на секој млад човек како еден од предусловите за формирање на семејство;

Бесплатен јавен градски превоз за сите студенти во сите општини во Република Македонија каде има организирано јавен превоз;

30% попуст на билетите за меѓуградски автобуски и железнички превоз за сите студенти;

50% попуст за настани, манифестации, спортски натпревари, концерти, претстави и се друго што се одржува во јавни односно државни институции за сите студентите со употреба на студенска легитимација;

Зголемување на бројот на студенти корисници на стипендии и кредити чиј износ ќе биде повисок од 6 000, 00 денари;

Стекнување на младите со вештини и знаење преку практично работење во текот на наставата кое ќе биде платено во висина од најмалку 30 % од просечната плата во Република Македонија;

Студентите да бидат ослободени од партиципација при користење на сите видови здравствени услуги;

Бесплатни лекови за сите студенти;

Замена на постоечкиот ЕКТС модел на студирање со швајцарски или фински модел на студирање и едуцирање;

Изградба на студентски град во околината на Скопје и уште 3 регионални студентски градови со сите поволности потребни за сите студенти кои имаат потреба да престојуваат во нив, без разлика дали местото на живеење им е во местото на студентскиот град;

Обезбедување на високо квалитетни услови за престој во студенските домови за сите студенти соодветни на нивните потреби;

Максимална доверба и поддршка на младите од државата, државните органи и организации, односно општеството во секој сегмент на нивното живеење и делување;

Редовно организирање на дебатни трибини, каде младите ќе можат да дебатираат, предлагаат , прашуваат, критикуваат, сугерираат;

Реализирање на реалните и позитивни потреби и барања на младите;

Подигнување на свеста на младите за значењето на економијата и стопанството во едно општество;

Стимулирање на младите за отпочнување на сопствен приватен бизнис и финансиска поддршка од државата за сите млади претприемачи во форма и начин утврден по спроведени анализи и анкети;

Подигнување на свеста на младите за штетното влијание на дрогата, алкохолот и цигарите;

Укинување на екстерното тестирање во средните училишта;

Квалитетно образование со континуирана едукација и обука на наставниот кадар;

Отсуство на притисоци и санкции врз наставниот кадар;

Подобрување на условите за работа на училиштата со посебен акцент на руралните средини;

Интензивирање на воспитното делување на училиштата;

Зголемување на безбедноста на учениците во училиштата;

Воведување на предмети за хумани односи меѓу половите;

Рационализација на мрежата на високообразовни установи во државата заради постигнување на повисок стандард на квалитет;

Овозможување на целосна автономија на државните универзитети;

## ЉУБОВТА, МУДРОСТА И ИСКУСТВОТО НА ПОСТАРИТЕ ЛИЦА СЕ НЕПРОЦЕНЛИВО БОГАТСТВО

Право на основна минимална пензија за сите лица кои не се опфатени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, а се со навршени 62 години жени и 64 години мажи;
Бесплатен јавен градски превоз за корисниците на инвалидска пензија без разлика на старосната граница во сите општини каде има организирано јавен превоз
Бесплатен јавен градски превоз и за корисници на пензија во текот на целата седмица во сите општини каде има организирано јавен превоз;
Пензионерите да бидат ослободени од партиципација при користење на сите видови здравствени услуги;
Бесплатни лекови за пензионерите;
Поволни кредити со минимална каматна стапка без ограничување на старосната граница;
Изградба на поголем број државни пензионерски домови на принцип на хотелско сместување, достапни за секој пензионер;

## ГРИЖА ЗА СЕМЕЈНИТЕ БУЏЕТИ И ДРЖАВНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

Намалување на ДДВ-то за потрошена електрична енергија од 18% на 5%;
Укинување на плаќањето на основниот придонес за пресметковна моќност од 33,33 % од превземената активна електрична енергија која е пресметана и истата се плаќа во сметките за струја;
Воведување на евтина дневна тарифа и цената на електричната енергија да биде исклучиво одредувана од реално независна Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија;
Укинување на двојните месечни уплати на граѓаните за Радиодифузна такса за медиумски услуги и услуги на кабелските оператори, како и ослободување од плаќање на такса за улично осветлување на сите куќни совети;
Целосна изградба на патната и железничката инфраструктура, обновување на веќе постоечката и редовно одржување на истата;
Зголемување на инвестициите за модернизација на постојните и изградба на нови енергетски објекти со можност за приватно партнерство;
Поголемо субвенционирање за користење на систем на сончеви колектори за сите семејни домаќинства;
Стимулирање и зголемување на производството на електрична енергија од поевтини извори на енергија (мали хидроелектрани, ветерни електрани, сончеви електрани, електрани на биогас);
Изградба на гасоводен систем до сите семејни домаќинства;

## ЗЕМЈА БЛАГОСЛОВЕНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РАЗНОВИДНИ КУЛТУРИ

Обезбеден пазар, извоз, откуп и преработка на земјоделските култури и производи;
Правилна и оптимална распределба на земјоделските површини во државна сопственост, како и на запуштените површини кои изнесуваат преку 200 000 хектари, а истото да биде дадено на располагање и користење на вистинските земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност. Семејните земјоделски стопанства би располагале со доволно површини оптиминизирани на научна основа. Со тоа ќе се создадат нови оптимални семејни стопанства , чиј број за неколку години би изнесувал 50 000 и ќе ангажира над 150 000 активно невработено население, со тенденција на зголемување на бројката;
Хоризонтална меѓусебна интеграција на семејните стопанства и нивна вертикална интеграција со преработувачката индустрија, со што ќе се формираат повеќе кооперативни компании според видот на производството.
Преработувачката индустрија и маркетингот ќе бидат сервис на примарното производство, интегрирано во кооперативни компании на примарните производители;
Изградба на објекти за примарно земјоделско производство и набавка на технолошка опрема со средства од ИПАРД-програмата, каде државата во почетокот ќе постигне договор со деловните банки за прифаќање на одобрените грантови како колатерали за добивање кредити;
Органско производство во ридско планинските подрачја како еден од моделите за подобрување на животниот стандард и ќе придонесе за охрабрување на младите генерации да ја изградат својата иднина во еколошки чисти и здрави средини;
Зголемување на конкурентноста преку воведување на современи технолошки постапки, набавка на современа механизација за примарна обработка на

земјиштето по бенифицирани услови и посебни услови при аплицирање за грантови од ИПАРД-програмата;

Во областа на водостопанството, ќе се активираат постојните системи за наводнување, кои засега покриваат 120.000 хектари, а се користат само 20 % и ќе се отвори нов водостопански објект по течението на реката Вардар кој ќе го зголеми капацитетот на акумулирана вода и на системите за наводнување, со што ќе се овозможи искористување на необработените, речиси пустински површини на Вардарска долина и горниот дел на ридестата овче полска долина;

Развој на севкупната инфраструктура во Република Македонија и пред се изградба на инфраструктура, објекти од јавен карактер и воопшто подобрување на условите за живот на село;

Инвестирање во напуштени села со опремување на целосна инфраструктура, изградба на угостителски и други објекти во етно стил кои може да се дадат под концесија на туристички агенции;

Пренамена на земјоделското земјиште во градежно или индустриско исклучиво со економско оправдани цели;

Организирање на континуирана обука за практично запознавање со технолошките унапредувања во сите области на земјоделското производство, преработка и маркетинг;

## **ЗДРАВИ ГЕНЕРАЦИИ, ВЕЧНА МАКЕДОНИЈА**

Квалитетни и бесплатни здравствени услуги, без притисоци и санкции врз професионалната медицинска фела;

Поддршка и заштита на јавното здравство преку материјален и кадровски потенцијал;

Стимулации во неатрактивни медицински дисциплини во јавното здравство, со цел надминување на проблемот од недостиг на соодветен кадар;

Зголемување на платите на здравствените работници со цел нивно задржување во јавното-државно здравство и давање на поквалитетни услуги;

Укинување на системот плата по учинок и воведување на систем по успешност - загарантирана плата од 100% и дополнителни стимулации за поуспешна работа;

Подеднакви услови за здравствена заштита на целата територија на Република Македонија;

Поголема и сеопфатна соработка помеѓу фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и приватните даватели на здравствени услуги**;**

## **НЕЗАВИСНИ, СТРУЧНИ И СЛОБОДНИ ИНСТИТУЦИИ**

Антикорупциска комисија да се бира во Собрание на Република Македонија ,а мнозинството на членовите и нејзиниот претседател да бидат предложени од опозицијата;

Републичкиот јавен обвинител и Вишите јавни обвинители да се избираат во Собранието на Република Македонија на предлог на опозицијата;

Претседателот и мнозинството на советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се бираат во собранието на предлог на опозицијата;

Ограничување на финансиски сретства за медиумско претставување и рекламирање на Владата и државните институции;

Независно судство ослободено од партиски и секаков вид влијанија и притисоци;

Судскиот совет да биде избиран од судската фела;

Судовите да креираат сопствено финасирање, независно од буџетот на Република Македонија;

Изборот и унапредувањето на судиите да се врши на законска основа со јасни и прецизни критериуми врз основа на нивниот квалитет, знаење, професионалност, стручност и работно искуство;

Судот по службена должност да ги прибави сите докази кои странката не е во можност да ги прибави сама за поведување на судска постапка или во текот на судската постапка;

Овозможување на услови за постојана едукација на судиите во областа на европските стандарди за заштита на човековите права;

Изнаоѓање на решение за интегрирање на Република Македонија како рамноправен член во Евроатлантските институции без промена на името;

Со промена на владеачката гарнитура на ниту едно лице вработено во јавни и државни органи не смее да му престане работниот однос поради политички причини;

Јавната администрација и државните службеници целосно да бидат ослободени од политички и партиски активности, притисоци и задачи, во спротивно

одговорното лице да биде казнето согласно одредби пропишани во кривичниот законик;

Континуирана обука и постојана модернизација на вработените во јавната и државна администрација прилагодена на сите европски стандарди;

Работењето на јавната администрација и државните службеници да е исклучиво во интерес на Република Македонија и нејзините граѓани;

Рационализирање на административните процедури во интерес на граѓаните и на државната администрација;

Развој на добрососедските односи на Република Македонија преку соработка во економијата, културата, образованието, спортот, медицината и други сегменти;

Македонска дипломатија со високо професионални, стручни и непартиски кадри и широко распространета дипломатска мрежа;

Една изборна единица и коалицирање помеѓу политичките партии по завршување на изборите;

Политичката партија која ќе добие мандат да ја формира Владата на Република Македонија во Програмата за работа на Владата да предвиди реализирање на дел од проектите и мерките од Изборната програма на сите партии кои добиле мандати во Собранието;

Изнаоѓање на модел за реално независни и самостојни синдикати, комори, регулаторни комисии и тела;

Продукција на домашни емисии, серии и филмови и нивно промовирање во други земји со цел да се афирмира Република Македонија;

Поголемо внимание на културниот живот, творештвото и уметноста;

Организирање и учество на уметнички и културни манифестации во земјата и надвор од неа;

ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21

Бројот 21 ја симболизира достигнатата мудрост, духовното совршенство, прагот на зрелоста, бунтовноста и младоста, симбол на напредокот и индивидуалноста, сестраноста и енергијата .

ваш глас
ваша иднина
ГЛАСАЈ ЗА 12

**Бројот 12 е свет број**
**симболизира:**
**12 апостоли**
**12 камења од Јордан**
**12 жртвени леба**
**12 месеци во годината**
**12 знаци во хороскопот**
**течение на времето и промени**






Томче Ѓуровски
шеф на изборен штаб
070/ 311 744


ГЛАСАЈ ЗА

12


www.pep21.org.mk
e-mail:infocentar@pep21.org.mk
тел.(02) 6144 - 540; 070 311-744; 071 271-872
ул.„Христо Татарчев“ бр. 47 И/3-30